РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSINË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-337/8
26.03. 2024 год.-viti
Skopje - Shkup

Филолошки факултет „Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 05-04-2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 425/16 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 64 седница одржана на 12.10.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Наука за književност - Романистика", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Наука за книжевност - Романистика", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по хуманистички науки во полето на наука за книжевност во научната област романистика /во меѓународен промет академски назив: PhD in Romance Literature.

Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки; Научно – истражувачко поле: 612 Наука за книжевноста, Научно - истражувачки област: 61211 Историја на книжевноста на романските народи, 64006 Романистика.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Елисавета Поповска, проф. др Анастасија Ѓурчинова.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02-299/12 од 27.02.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Наука за книжевност - Романистика", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-182/9 од 26.01.2023 година (наш бр. 08 - 337/1 од 30.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 337/6 од 25.10.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 64-та седница одржана на 12.10.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова